Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-1173/3
Скопје, 04-09-2024 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г ), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-321/1 од 27.01.2023 година и измена на планот за јавни набавки 01-321/2 од 26.04.2023 година, министерот за правда Игор Филков ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за набавка на стоки - на продолжување на лиценци за хардверски уред – Firewall за потребите на Министерство за правда

1. Се врши измена на точката 2 од Одлуката за набавка на стоки - на продолжување на лиценци за хардверски уред – Firewall за потребите на Министерство за правда заведена под број 05-1173/1 од 28.03.2024 година на начин што се менува ставката од која ќе се плаќа и истата ќе гласи:
„ 2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 890.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 44.500,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 934.500,00 денари.
Плаќањето ќе се изврши од редовната буџетски сметка на Министерството за правда 631, Програма 10-Администрација, Ставка 485."

2 .Во останатиот дел Одлуката за набавка на стоки - на продолжување на лиценци за хардверски уред – Firewall за потребите на Министерство за правда заведена под број 05-1173/1 од 28.03.2024 година останува непроменета.

### Образложение

Министерството за правда со Одлуката за набавка на стоки - на продолжување на лиценци за хардверски уред – Firewall за потребите на Министерство за правда заведена под број 05-1173/1 од 28.03.2024 година спроведе поедноставена отворена постапка согласно член 49 од Законот за јавните набавки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Со оглед да на претходно наведената сметка 637 нема доволно средства, средствата ќе се исплатат од сметката 631 каде има доволно средства, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда му достави предлог на одговорното лице да донесе Одлука за измена на одлука, на што одговорното лице донесе одлука како во диспозитивот.

Согласно наведеното се врши измена на Одлуката за набавка на стоки - на продолжување на лиценци за хардверски уред – Firewall за потребите на Министерство за правда заведена под број 05-1173/1 од 28.03.2024 година.

Одлучено во Министерството за правда, по спроведената поедноставена отворен постапка.

Доставено до:
-Сектор за општи работи
- Сектор за финансии прашања
-Архива на МП

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Igor Filkov
Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2024.09.04 10:22:55 +02'00'

Подготвил/а: Насер Ќамили, самостоен референт
Проверил/а: Марина Миновска, Раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification